ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ:	**Градоначалник на Град Скопје**
ИЗГОТВУВАЧ:	**Сектор за образование**
ПРЕТСТАВНИК:	**Раководител на Сектор за образование**
ПОВЕРЕНИК:	**Помошник раководител на Сектор за образование**

ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2026 година

Скопје, ноември 2026 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 10 став 1 точка 6 од Законот за Градот Скопје (

„Службен весник на Република Македонија бр.55/04 и 158/11) Советот на Град Скопје, на .....седница одржана на _____2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2026 година

Член 1

Во Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2026 година („Службен гласник на град Скопје“ бр.14/25, 06/26 и 08/26), се врши следното изменување и дополнување:

-Во глава IV.ПРОЕКТИ НА ПРОГРАМАТА, Проект 6, во делот опис се додава нова реченица која гласи:

„Се обезбедуваат средства за поддршка на училишта кои организираат активности за унапредување на компетенциите на наставниците и стручните соработници“.

-Во глава IV.ПРОЕКТИ НА ПРОГРАМАТА, Проектот 9, се менува и гласи:

Проект 9. Отпочнување изградба на средните училишта СУГС „Браќа Миладиновци“-Скопје и СУГС „Кочо Рацин“-Скопје

Опис: Ќе се изградат нови, современи и целосно функционални објекти за СУГС„Браќа Миладиновци“ во Скопје и СУГС„Кочо Рацин“ во Скопје. Новите училишта ќе обезбедат безбедна, пристапна и модерна средина за учење, со современи училници, лаборатории, спортски простории и напредна дигитална инфраструктура.

Цел: Да се обезбеди квалитетна, современа и безбедна образовна инфраструктура која го решава недостигот на простор и го унапредува квалитетот на наставата, мотивацијата и вклученоста на учениците и наставниците.

Активности:

- Подготвителни активности за изградба на училиштата

- Започнување на изградба на нови училишни објекти со сите неопходни придружни елементи соодветни на потребите на учениците со атипичен развој и физички инвалидитет.

Во натамошните фази кои се планираат за идните години се предвидуваат активности за опремување со современ мебел, со лабораториска и спортска опрема, како и инсталација на дигитална и безбедносна инфраструктура.

Финансии: Оваа активност ќе се спроведува во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки. Средствата се обезбедени во Основен Буџет на Град Скопје со развоен план во кој за 2026 година се предвидени во износ од 20.000.000 денари.

-Во глава IV во последниот пасус вкупниот износ од „123.300.000“ денари се заменува со износ од “143.300.000“ денари”.

Член 2

Оваа Програма, влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _____

_____ 2026 година

Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

проф.д-р Даме Димитровски

_____

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа Програма е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) со кој е утврдена надлежноста на Советот.

Предложеното изменување и дополнување на Програмата за активностите на Град Скопје во областа на средното образование во 2026 година се однесува на глава IV.ПРОЕКТИ НА ПРОГРАМАТА, каде во Проект 6, во делот опис се додава нова реченица која гласи:„Се обезбедуваат средства за поддршка на училишта кои организираат активности за унапредување на компетенциите на наставниците и стручните соработници“.
Понатаму, во глава IV.ПРОЕКТИ НА ПРОГРАМАТА, Проектот 9, се менува и гласи: „Отпочнување изградба на средните училишта СУГС „Браќа Миладиновци“-Скопје и СУГС „Кочо Рацин“-Скопје“.
Измените и дополнувањата на Програмата произлегуваат од потребата за поддршка на училишта кои организираат активности за унапредување на комптенциите на наставниците и стручните соработници за унапредување на интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во образованието, како и обезбедување на квалитетна, современа и безбедна образовна инфраструктура која го решава недостигот на простор и го унапредува квалитетот на наставата, мотивацијата и вклученоста на учениците и наставниците. Реализацијата на проектите за изградба на нови училишни објекти ќе придонесе кон унапредување на образовната инфраструктура, создавање современи, безбедни, енергетски ефикасни и инклузивни услови за изведување на наставата, зголемување на капацитетите за прием на ученици и подобрување на пристапот до квалитетно образование. Дополнително, ќе се обезбедат подобри услови за работа на наставниот кадар, ќе се поттикне примената на современи наставни методи и технологии и ќе се придонесе кон рамноправен пристап до образование за сите.
Средствата се обезбедени во Основен Буџет на Град Скопје со развоен план во кој за 2026 година се предвидени во износ од 20.000.000 денари. Имено, Проектот 9 е дел од развојниот план за 2026, 2027 и 2028 година со кој се предвидени средства од 20.000.000 денари за 2026 година, 50.000.000 денари за 2027 година и 50.000.000 денари за 2028 година.
Во вкупниот износ на финансиски средства износот од „123.300.000“ денари се заменува со износ од „143.300.000“ денари.
Врз основа на погоре наведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование за 2026 година.